ФРАНЦУСКИ КУЛТУРЕН ЦЕНТАР - СКОПЈЕ

МУЗЕЈ НА СОВРЕМЕНАТА УМЕТНОСТ - СКОПЈЕ

# ИЗБОР ОД ФРАНЦУСКАТА ПРОДУКЦИЈА ПРИКАЖАНА НА II МЕЃУНАРОДЕН ФЕСТИВАЛ НА ВИДЕО ВО МОНБЕЛИЈАР

Скопје, 21-22. јануари 1985 година

Во ноември 1984 година, Музејот на современата уметност за прв пат во нашата средина ги отвори вратите на речиси потполно непознатиот и нов медиум, наречен видео, медиум којшто повеќе од две децении се обидува да се избори за своја самосвојност и легитимност во светот на уметноста.

Ако 60-те и 70-те за видеото беа години на пионерско завземање на плодното земјиште, се чини дека во 80-те тој полека започнува да се користи со плодовите на новите терени. Овој период, од една страна, го карактеризира нараснатата свест за сопствената јазичка посебност и специфичност, како и за широчината на изразните можности на овој електронски медиум. Како резултат на оваа свест е појавата на голем број авторски-видео-личности, а со самото тоа и збогатување на тематските и формалните особености на видео јазикот. Оттука, за видеото повеќе не ќе може да се зборува како за "експеримент", туку како за постоење на една уметничка форма.

Од друга страна, во 80-те е евидентно и се поголемото признавање на легитимноста на видео изразот, од страна на уметничкиот естаблишмент. Тоа најубаво се огледува во срамежливата - но сепак од големо значење - застапеност на видео остварувањата во јавната телевизиска дифузија, како и во организирањето на се побројните светски видео фестивали, од кои некои добиваат и традиционален карактер (Љубљана, Монтреал, Токио).

Лентите презентирани овде, доаѓаат токму од еден таков фестивал. Тоа е II меѓународен (биенален) фестивал на видео во Монбелијар, одржан во март минатата година, на кој учествуваа 24 земји со вкупно 350 ленти. Преку изборот од францускета селекција на фестивалот (11 автори, од кои четворица зедоа учество на Љубљанскиот "Видео ц.д.",1983) може да се согледа сета разновидност во пристапот кон медиумот и богатиот избор на тематските содржини што зависат од сензибилитетот и интересите на авторот. Според тоа, презентираните остварувања ги карактеризира наративниот, документаристичкиот, (електронско) ликовниот, социолошкиот, (интимно)

психолошкиот третман на тематиката. На технички план, се забележува многу поголемо обрнување внимание на обликувањето и естатизацијата на визуелната претстава, што најчесто се должи на зголемените технички и финансиски можности при реализацијата. Значајно е да се нагласи дека, и покрај тоа што зад секое од овие дела стои авторска личност, сепак реализацијата е резултат на тимска работа (оригинална музика, наратор, глумци, продуцент) што говори за еден поинаков или повисок степен во пристапот кон работата во медиумот.

Што се однесува до МСУ и неговата интенција за правовремено запознавање и доближување на видео достигнувањата (во Југославија и светот) до нашата јавност, овој пат проекциите беа овозможени благодарение на соработката со Францускиот културен центар. На овој начин, имаме можност барем делумно (но и квалитетно) да се запознаеме со неколку примери на видеото типични за оваа деценија, но, исто така и со карактеристиките на продукцијата во Франција. Се надеваме дека во иднина ќе имаме поголеми можности не за делумен, туку за поцелосен увид во овој медиум со несомнено голема иднина.

Зоран Петровски

1. БУРА, 1983, 11'
реализација: Доминик Барбие
продукција: Енсад

2. ТРАНСКОДИРАНА ЉУБОВ, 1982, 11'
реализација: Патрик Прадо
со Такако Јамагучи
видео екипа: Даниел Дигаро и Филип Кларк
во соработка со: Роланд Буверс, Жан-Клод Диран и Жан-Луј ле Такон
музика: Даниел Пирсел, пеач: Алфред Деле

3. ВИДЕО ЉУБОВ, 1983, 20'
сценарио и режија: Силвен Реслен
учествуваат: Дил Мас и Филип Томин

4. ПОКАНЕТИТЕ ВО ДВОРЕЦОТ, 1983, 23'
реализација: Жан-Луј ле Такон

5. СЛИКАЊЕ СО ВОДА, 1983, 23'
реализација: Ришар Уголини
сценарио и дијалог: Патрик Беф, Жан-Кристоф Буве, Ришар Уголини
музика: Жан-Франсоа Лиенар



6. МОЈОТ ПРВ БАКНЕЖ, 1984, 18'
реализација: Даниел Жежи
учествува: Доминик Пињон

7. СПОМЕНИ ОД МОНПЕЛИЕ, 1983, 3'
реализација: Пјер Лопстен
Патрик Рено - Музеј Фабр

8. КОЈА Е КЛАРА - КЛАРА, 1983, 6'
реализација: Ив де Перети
учествува: Андри Басмажи
музика, Луј Бег

9. ТИЛТ, 1983, 6'
реализација: Ксавие Мер
учествува: Иг Кастне
цртежи: Патрик Беф
музика: Жак Лик Бенар

10. МЕЃУ НИВ, 1983, 11'
реализација: Ален Лонге
кореографија, игра и пее: Марк Томкен
гласот е позајмен од: Франсоа Дифран

11. СЛУЧАЈНА СРЕДБА, 1984, 10'
реализација: Софи Андшите
текст и глас: Жан Гасто
со учество на Филип Лоби